СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 27 февруари 1997 година

Скопје, февруари 1997 година

**ШЕЕСЕТ И ПРВА (61) СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 27.II.1997 ГОДИНА**

ДНЕВЕН РЕД - СТР.3

Т.1-стр.8; Т.2-стр.48
Т.3-стр.52; Т.4-стр.63

1. АТАНАСОВЃОРЃИ 8, 10, 45, 47
2. АРСОВСКИ БРАНКО 18, 19
3. БОЈКОВ ИВАН 31
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ 52, 55
5. ДАВЧЕВ САНДЕ 22
6. ИВАНОВ ЉУБИСАВ 11
7. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД 14, 16, 17, 47
8. МИНОВ ПАНЧО 32

8а. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 79

9. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 27
10. НАСТОВСКИ ДИМЧЕ 37
11. НАЧЕВСКИ МАРЈАН 39
12. ПАВЛОВ БОРИС 61
13. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 67, 70, 73, 74
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
15. РАМАДАНИ САЛИ 4, 6, 7, 57, 60, 62
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ 10, 77
17. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 17, 51
18. СТОЈКОВСКИ 30
19. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 50
20. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ 20, 34, 36
21. ТРИПУНОВСКИ МИРКО 21
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО 71
23. ТАИРИ МЕВЉАН 56, 75
24. ФИТИ ТАКИ 7, 14, 15, 17, 22, 35, 38, 45, 46
25. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ (ја води седницата) 59
26. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 64
27. ШАПУРИЌ ЗОРАН 49

С Е Д Н И Ц А Т А П Р О Д О Л Ж У В А !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Шеесет и правата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 февруари 1997 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Хисен Рамадани, Драгољуб Поповиќ, Николина Трајановска, Благоја Стефановски, Ване Наумовски и Јане Ангеловски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Пратеникот Томислав Стојановски побара Републичката (Државна) изборна комисија за оваа седница да поднесе информација во врска со пролонгирање на локалните избори во Тетово и можните импликации.

До денес информација не е пристигната во Собранието.

Со оглед на тоа што локалните избори во Тетово се одржаа, го молам подносителот на барањето пратеникот Томислав Стојановски да се произнесе дали останува на барањето.

Господинот Стојановски не е тука.

Кој е за предлогот на господинот Стојановски, молам да крене рака? (4 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Наум Симјановски, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот Ви е доставени.

Кој е за предлогот на пратеникот Наум Симјановски, молам да крене рака?

Секако знаете, немаме мислење на Владата по овој закон, ниту пак Комисиите расправале.

Девет пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратениците Блаже Филиповски и Љубомир Поповски предлагаат на оваа седница да биде разгледан Предлогот на одлуката за огласување избор на претседател на Основниот суд во Битола,

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (49 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник).

Очигледно некои од пратениците не гласале.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да биде разгледан и Предлогот на одлуката за именување секретар на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (46 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(8 пратеници)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа сеница да биде разгледан и Предлогот на одлуката за изменување на одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (48 пратеници)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за оваа седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог на закон за игри на среќа и за забавни игри,

2. Предлог на закон за дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги,

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на Првиот протокол, Протоколот бр.4, Протоколот бр.6, Протоколот бр.6 и Протоколот бр.11 кон Конвенцијата со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за културна и просветна соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска, со Предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за верските заедници и религиозните групи,

7. Извештај за работата на Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност во периодот од февруари 1995 до април 1996 година,

8. Избор на претседатели на основните судови во Кратово, Радовиш и Струмица,

9. Предлог - одлука за именување секретар на Собранието на Република Македонија,

10. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија,

11. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Битола.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На претпоследната седница, побарав исто така една лична точка да се симне од дневен ред, но од мнозинството на ова Собрание мојот предлог не беше прифатен. На последната седница, по контрадикторното барање, дилемата на предлагачот да го повлече неговиот предлог, па дури и со посебен заклучок истиот состав на овој Парламент го прифати. Меѓутоа, никако да ја признае грешката и да напомене дека од истите

причини истото го предложив и јас и во името на мојот електорат, на мојата партија и на мојата парламентарна група. Тоа не е фер.

Од слични причини за доста сличен случај предлагам една точка да се симне од дневниот ред додека на друга да се стави.

Прво, да се симне од дневниот ред Предлогот за донесување на закон за верските заедници и религиозните групи, затоа што посебно од материјално правна точка неговата содржина е во потполна спротивност со етиката и моралот на сите верски заедници и религиозни групи, а посебно со Исламот се додека не се добијат мислењата и забелешките од Исламската верска заедница.

Второ, врз основа на член 36 и 56 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесувам да се стави на дневен ред барање за поднесување информација од страна на Владата на РМ за досегашните и идни активности кои се преземени и ќе ги презема во врска со антивладините и антиалбанските протести и демонстрации на дел од деца, младинци и студенти Македонци од Скопје и неколку градови во Република Македонија, за конкретно назначување, именување и одговорност на правиот и првиот виновник.

Информацијата ја барам под итно веднаш денеска на самата 61-ва седница како прва точка и тоа лично од претседателот на наводното мнозинство на Владата на Република Македонија поради најсериозни причини што состојбата е од таков карактер и може да ескалира до неконтролирани и непредвидени последици за кои може да има никаква санација.

Информацијата ја барам во името на мојот електорат и пошироко на мојата Партија за демократски просперитет на Албанците и на мојата парламентарна група на ПДП-НДП-А и во мое лично име.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам предлогот за донесување на закон за верските заедници и религиозните групи е предлог за донесување на закон. Тоа е прва фаза. Од сите овие мислења и сугестии може да се дадат на тој текст, меѓутоа сепак не знам дали ова ќе помогне околу вашето определување господине Сали Рамадани.

Ова е прва фаза. Утврдуваме само потреба за донесување на таков закон и даваме можност за најотворена дискусија, сугестии што ќе послужат на Владата како ориентација за изготвување на Предлогот на законот. Но, ако вие инсистирате јас ќе го ставам на гласање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За мене е важно само Исламската верска заедница да се произнесе. Ако цените дека ќе има време, да не биде за некој кратко за некој многу, тогаш го повлекувам предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има можност сите да се произнесат.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:** (од место)

Подесен е. Стигнати се забелешките.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако има, не сум запознат, значи не ми е доставено такво мислење на таа заедница, тогаш можеме само да дискутираме по тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тогаш одиме за втората информација.

Дали претставник на Владата сака да се произнесе по овој предлог на господин Сали Рамадани на денешната седница да се даде информација за протестите на студентите и средношколците.

Дали имаме можност таква информација да се даде во текот дна седницата?

Молам, некој претставник од Владата да се произнесе.

Има збор господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Видете јас не верувам дека Владата ќе биде во можност за денешната седница тоа да го подготви во писмена форма и да даде информација. Не бегаме од тоа, дури ако треба да се даде информација, сето тоа е во ред, меѓутоа треба малку време. Не може на седница да се предложи и веднаш да излеземе со писмена информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Сали Рамадани има збор.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Другари, па децата, младинците и студентите кои протести- раат и денеска пред нашево Собрание, ние требаше веднаш, да се закаже ако треба и вонредна седница на ова Собрание а не уште да чекаме. Тоа може еден ден да ни се врати како бумеранг, а на тоа ќе се поттикнат и другите деца младинци, студенти и од другите националности, албанци и други. Па, ако овој Парламент одговара за тие последици ако сакате немојте никогаш да се расправа за ова прашање.

Јас останувам на предлогот за моето барање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Сали Рамадани, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник бара збор? (не бара)

Тогаш кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точка 1 - Предлог на закон за игри на среќа и за забавни игри.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Ѓорги Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, неспорно е дека има потреба од донесување на Законот за игри на среќа и како таков јас го поддржувам и сметам дека решенијата што ги нуди овој текст на законот секако ќе бидат во функција на подобрување на функциите на подобрување на оваа област.

Меѓутоа, сепак ќе сакам да кажам збор - два за оние решенија што сметам дека се сепак недоречени, без оглед ан тоа дали се предмет на овој закон или не или пак на оние решенија што ќе предизвикаат полоши последици отколку што сега ги имаме во пракса.

Прво, мислам дека е сосема рационален предлогот на Владата со амандман на член 4, во рамките на кој што утврдуваме на кој начин ќе бидат доделувани средствата остварени по пат на игри на среќа, за хендикепираните деца, после Црвениот крст и исто така таму има една одредба дека овие средства ќе се доделуваат и за врвниот спорт.

Ја користам оваа прилика да ја потсетам јавноста, пред се надлежното министерство дека во државава сеуште немаме јасна дефиниција за тоа што е врвен спорт. Не знам воопшто на кој начин и по кои критериуми ќе се делат овие средства, ако ги имаме предвид

состојбите во кои што се наоѓа целокупната спортска дејност во државата.

Второто решение што мислам дека ќе има директна последица со затворање посебно на играниците односно касината е решение во кое што се утврдуваат условите под кои ќе може да се отвори таква играчница. Пред се во член 42 став 2 алинеја 3 каде што покрај другите услови се предвидува вакви играчници да можат да се отвораат во хотел со 5 или 4 ѕвездици во просторија не помала од 400 $м^2$.

Исто така не е предмет на овој закон, категоризацијата на хотелите. Тоа е предмет на законот за угостителите и туристичка дејност, меѓутоа сеуште ја немаме таа категоризација и, барем јас, сеуште не сум на чисто што е тоа хотел со 4 ѕвездички односно 5 и дали воопшто овие услови ќе бидат задоволени за да можат да се отвораат такви играчници.

Бидејќи доаѓам од општина односно изборна единица каде што во моментот од вкупно 21 казино има 4 казина, сакам да предупредам на можноста дека со стапување во сила на овој закон веднаш ќе престанат со работа сите 4 касина, односно трите касина во Дојран.

Оттаму, мислам дека има два начина да бидат надминати овие состојби. Првиот начин е во условите, покрај 5 и 4 ѕвездички да се додаде и 3 ѕвездички, хотел со 3 ѕвездички за кое што добро ќе биде да се произнесе предлагачот на Законот.

Второто решение кое што сметам дека е рационално и разумно, а пред се во функција на постојните касина е да се предвиди преоден рок од денот на доделувањето на првата лицитација односно лиценца кој што може да биде ка кажеме 6 или 3 месеци, во рамките на кој период ќе се обезбеди доволно простор за носителите на правото сопствениците на хотелите да можат да вложат дополнителни средства за да можат да конкурираат за добивање на ваква лиценца.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

На крајот, сакам да кажам дека мотивот за ваквото размислување не се барањата на носителите на правата односно на имателите на казината, туку мотивот, пред се е од граѓаните на Дојран, кои што побараа ова да го изнесам дека доколку не се даде таков преоден рок, односно доколку не се преиначат условите, тогаш со престанувањето на работата на сите казина во Дојран веднаш ќе им престане работниот однос на околу 170 вработени. Од тие причини јас со колегата Костаќев поднесовме амандман во рамките на кои што бараме да се даде барем преоден рок од три месеци во одредбата 100 во самиот закон за кој што, доколку има потреба дополнително ќе полемизираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници не сакам ништо да спорам во врска со законот, мислам дека е закон кој заслужува и да се поддржи. Меѓутоа, имам само една напомена, ќе се поддржи веројатно ако се прифати, а треба да се прифати, амандманот кој е поднесен сега од предлагачот. Амандманот кој се предлага на член 4 кој се однесува и за некоја добивка и на здруженијата на хендикепираните, односно Здружението на слепите. Меѓутоа, напомената е во тоа што од тие контакти, морам да ви кажам дека јас сум имал неколку контакти имам доста информации за нивното ангажирање, но морам да кажам и дека премногу се малтретирани за да се прифати една нивна забелешка која веќе со амандман се внесува како составен дел во законот. Мислам дека не треба такви работи да се случуваат. Сепак, се работи за една категорија на лица кон кои треба да внимаваме малку повеќе. Според

мои информации тие биле приморани некаде над 30 состаноци, односно така состаноци да закажуваат за да можат донекаде да ја постигнат нивната цел, односно да бидат задоволни со закон, па да се внесе, односно да се предлага амандман кој веќе донекаде го подобрува, односно го задоволува нивниот интерес.

Инаку, законот мислам дека треба да се прифати, со тоа што еве веќе се интервенира и со посебен амандман од предлагачот, т.е. од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Играта на среќа во светот се третира како бизнис. Постојат градови, нарочно во САД, па и во Европа, каде што таа дејност претставува некаде и 60 и 70%, па некаде и 80% од дејноста во тие градови. Во тој слободен свет каде што владеат пазарни односи, каде што владее слобода на претприемаштво, слобода на стопанска дејност каде што е на сите практично учесници дадено подеднаква шанса да успеат или не во бизнисот нема ограничувања во развојот на оваа дејност. А и кај нас во Уставот само е прецизирано каде и во кој правец може да се направат одредени ограничувања, а тоа е кога е во прашање суверeноста, независноста на државата итн.

Во законот се ограничува таа дејност и се сведува на одреден број на активности, што мислам дека е и непотребна, штетна, а исто така и во себе крие тенденција на монополизам. Ние знаеме дека таквите работи многу лошо се манифестираа во доделувањето на дозволите за

фришопи и тн. и тоа предизвика огромни реакции во државата со многу негативни последици, ако сакате и политички импликации. Затоа мислам дека тоа не треба бројчано да се ограничува.

Второ, исто така мислам дека туристичките региони како што е Охрид, Струга, Дојран, Ресен и тн. посебно во тие туристички региони, а и оние што се градови кои се наоѓаат по границата на нашата држава исто така таму тоа треба да се пушти потполно слободно и да се пропушти на понудата и побарувачката и на способноста на оние кои што можат да се носат со конкуренцијата. Мислам дека во овие региони, нарочно туристичките региони изградени се огромни капацитети, хотелски капацитети. Вие само погледајте какви капацитети се изградени во Охрид, во Струга, па и во Дојран и тие капацитети денеска работат од два до три месеци. Низ вакви дејности и многу други дејности нивното време на работење може да се продолжи низ целата година. Имајќи предвид дека поради многу, да кажам така и верски причини во многу држави веќе се ограничува оваа дејност. Има големи шанси Македонија во овие места, во овие туристич- ки градови да развие голема туристичка дејност во овој правец.

Затоа, предлагам, тука има и амандман поднесено, таму да не се ограничува дејноста и по право ако може да не се ограничува во целата држава.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 16, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

II/4.-

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 4 за менување на став 1, по кој не се произнела Владата.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 4, член 16, став 2 и на член 17 став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Бранирод Михајловски, Благоја Силјановски и Рубинчо Белчевски, поднесоа амандмани за менување на член 4 и за додавање нов член 4-а, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Санде Давчев и Мирко Трипуновски поднесоа амандман на член 4 став 1 по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 11 став 1 и 4, на член 84 став 2 алинеја 7, член 18 точка 2 и 3, член 20 точка 1, за менување на член 21, член 23 став 2, на член 43 за бришење на став 2, член 55 за бришење на став 1, член 76 став 3, член 90 став 1, точка 1 и 6, член 91 став 1 точка 2, член 94 став 2 и на член 100 став 2.

Пратениците Душан Николовски, Петре Трајановски, Александар Гештаковски и Ферид Мусовски поднесоа амандмани на член 61 став 1, член 67 и на член 79 став 2 алинеја 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман на член 42 за додавање нов став 6 по став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 4 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 4 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес, во меѓувреме, се разбира, што сега се поднесени тие амандмани не ги прочитав, но ќе имаме можност по расправата.

II/5.-

Отворам претрес по амандманот за менување начлен 4 поднесен од пратениците Бранирод Михајловски, Благоја Силјановски Рубинчо Белчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Тоа бараше фактички се вклопува со амандманот што доаѓа од страна на предлагачот, односно на Владата. Според тоа, не треба сега да го прифаќаме. А во тој амандман стојат сите тие намени како што стоеја сите тие намени и беа предвидени со првото решение. Ова сакам да го кажам и заради јавноста. Ние не мислевме да ги исклучиме хендикепираните или не знам кој. Тоа се дејности кои и онака се финансираа досега на овој начин со дел од средствата од игри на среќа. Меѓутоа, знаете луѓето се недоверливи и сакаа да видат дека во законот стои хендикепирани лица. А ние рековме средствата од игри на среќа се приход на буџет со програма Владата тие ќе ги распределува според оние намени вообичаено и насекаде во светот на тој начин се финансираат. Значи, бидејќи во амандманот од Владата ова е содржано, ова не треба да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, предлагачите на амандманот, Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, ако направиме споредба меѓу она што Владата како амандман го нуди и ова што ние предлагачите на амандманот I во членот 4 ќе видиме дека во дел се поклопуваме, меѓутоа во дел на амандманот не се поклопуваме. Имено, овде кај амандманот на Владата се вели дека ќе се користи за хенди-

кепирани лица, врвен спорт и за Црвениот крст значајни области, а такви амандмани понатаму ќе гледаме ги предлагачи, од други наши колеги пратеници, другите дејности не се наведени во амандманот кој ни се нуди од страна на Владата. Имено, тука развојот на техничката култура не е влезен. Колегата Гештаковски има исто таков еден амандман и културата исто така не е влезена во амандманот, кој ни го нуди Владата. Така што две дејности кои извори на финансирање, посебно и техничката култура, а и културата ги гледаат во овие средства кои би се собирале во буџетот од средствата од страна на игрите на среќа, во амандманот на Владата не се планирани. Овој амандман кој ние го нудиме е да кажам малку посеопфатен и мислам дека треба да наиде на разбирање од страна на пратениците и да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитувани пратеници би сакал да се разбереме на самиот почеток, ние рековме бидејќи Владата има соодветен амандман тука ќе се разрешат проблемите, а овие предлози, односно овој амандман не го прифаќаме. Еве да објаснам поконкретно, за да не ги мешаме работите. Барањето со дел од средствата што се реализираат, односно остваруваат од игрите на среќа да се финансираат социјално загрозените и техничка култура, не може да биде прифатено, бидејќи зад двете овие намени си има буџетски позиции. Има средства во буџетот Социјални програми ние имаме 25% од вкупниот буџет за таа намена. Немојте сега да влегуваме во игрите на среќа за намена за која што имаме јасен извор и позиција во буџетот. Техничка култура се финан-

сира преку Министерството за наука. Според тоа, за тие работи си има пари во буџетот и не треба сега тоа да го правиме овде. Имаме обезбедено позиции и не може тие да се финансираат од овие средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Јас се согласувам дека во буџетот имаме средства обезбедено во границите на можноста и за социјално загрозените, дури во буџетот и најголем дел од буџетот ми се чини отпаѓа на решавање на социјалата како обврска на државата. Исто така и културата и техничката култура и врвниот спорт се се тоа дејности каде што во границите на можноста на државата, односно на приходите на таа држава, во границите на можноста на буџетот се планирани такви средства. Сметам дека тие средства кога го носевме буџетот сите бевме сведоци дека се недоволни за финансирање и за понатамошен развој. Овие би биле дополнителни средства кои од игра на среќа би се обезбедувале и на некој начин и културата и врвниот спорт и техничката култура би можеле на некој начин, а тие се на некој начин и амбасадори на Република Македонија и надвор од границите на Република Македонија да ги задоволиме барем малку од малку нивните потреби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

За збор се јави господин Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали има 10 пратеници што го поддржуваат господинот Михајловски? (Нема).

За збор се јави господинот Владимир Станковски, процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе, со сета почит кон вас, а несакајќи да и наштетам на особата која од оваа страна се бави со броењето е, еднаш ми беше забележано дека не се однесов така како што треба, меѓутоа, ова е веќе по којзнае кој пат каде што со броењето се создава тешка забуна. Јас ве молам да се направи се конечно броењето на гласовите да биде регуларно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тоа е јавно и сите треба да внимаваме, се разбира.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Не се прифаќа и јас веднаш ќе дадам експликација за да не излегувам повторно. Категоријата спорт е многу широка. Врвен спорт,

сепак е нешто друго. Сега ние не траба да ги разводнуваме тука работите. Ако ставиме таква широка категорија тоа значи неселективно да може да се финансира и она што е квалитет и она што не е квалитет. Згора на тоа да ве потсетам почитувани пратеници дека спортските друштва можат да си организираат бинга. Според тоа, и дел од своите финансиски потреби на тој начин да ги задоволуваат, според тоа не треба да правиме така широка формулација која што ништо не кажува, односно што ќе даде можност се и сешто да се финансира на вој начин.

**РАНКО АРСОВСКИ:**

Ние амандманот на Владата го добивме подоцна и сега имав можност да го споредам амандманот јас што го поднесов и овој што го поднесува Владата. Се разликуваме во две работи. Јас напишав олимписки спорт, а вие напишавте врвен спорт. Јас сега правам малку разлика од олимпискиот спорт и врвниот спорт. Меѓутоа, кажа колегата дека сепак имаме дилеми. Ако врвниот спорт значи олимписки спорт, тогаш моето не држи. Меѓутоа, ако значи врвен спорт јас подразбирам под врвен спорт се што е прва лига и тоа го сметам како некој врвен спорт, заради тоа што е рангирање на тој дел и она што значи олимписко натпреварување. Сега ако е тука проблемот решен, мислам дека моето залагање да бидам попрецизен, за да нема сега дилеми во барање на овие средства се трошат за сите потреби, да не кажам прва лига. А во прва лига има многу екипи од сите гранки, јас го сведов тоа на олимпискиот спорт се она што е олимпијада го сметав за врвен спорт и тука да ја помогнеме олимпијадата во таа насока. Меѓутоа, не значи дека и вашето решение...

**ТАКИ ФИТИ:**

Изгледа овде има многу спортисти.

II/10.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Второ, мислам дека Владата поднесува амандман во кој зборува за здруженија на граѓани. Мислам дека тоа е еден општ поим. Ако се сеќавате тоа беше од Социјалистичкиот сојуз имаше и посебно тело кое работеше на таа гранка и верувајте дека здруженија на граѓани има многу. Ако ви кажам дека има можеби 500 тоа се малку. Ако сметате да ги финансирате со ова, мислам дека само ќе ги расплинеме средствата и тие нема да имаат интерес, нема квалитет. Јас се впуштив само во здруженијата на хендикепираните лица, со тоа што не ја наведувам програмата како што вие ја наведувате тука, меѓутоа велам здруженијата на хендикепираните лица. Во тој дел мислам дека е поквалитетно ова решение јас што го нудам, отколку што го нуди Владата.

На крај мислам уште една квалитетна работа што се работи во мојот амандман на социјалната програма. Да, социјалната програма се однесува 2 5% јас го прифаќам министерот дека ние со буџетот направивме тоа, меѓутоа до година можеби нема да го направиме тоа да биде 25%, до година тоа може да биде 5%, во зависност од потребите. А сега ние носиме закон, а во таа социјална програма се зафаќаат сите категории, па и овие хендикепираните лица за кои мислам дека се издвојуваат доволно средства.

Мислам дека би било подобро да се прифати мојот амандман, бидејќи е посоодветно решение за сите овие работи, а гледате дека покрај мојот амандман, има поднесено и низа други такви амандмани со некои мали нијансирања, односно големи разлики. Така, ако може тука министерот тоа да го разработи, ако не нека остане амандманот и нека одлучат пратениците.

III/1. НН/ЉР

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, колеги. Јас мислам кога е спортот во прашање има доста компетентни спортисти во овој Парламент и мислам дека Законот за игри на среќа толку бегло го поминавме, да навистина заслужуваше и поголемо внимание и поголеми расправи како во Пратеничките групи, така и по Комисиите, затоа што овде се одлучува за едно многу посуштинско прашање отколку што ние сметаме. Оттаму се означува една поголема сума на средства кои треба да ја афирмираат државата по разни основи, како што е спортот, културата, техничките науки и се она што го имавме досега како финансирање.

Јас ќе напоменам како пратеник дека за две години финансирање немаме никаков извештај од Лотаријата што фактички се финансираше и колку се финансираше, како и каде се финансираа средствата кои што ни припаѓаат. Како долгогодишен спортист, уште додека настапував во спортскиот Клуб Работнички и Вардар бевме и финансирани до одреден процент. За жал откако сум пратеник, иако сум пратеник не можам да ги видам, тие средства каде одат.

За своите колеги да појаснам дека со членот каде што е врвниот спорт ние треба да сфатиме дека средствата што се одделуваат од Лотарија за дејноста Спорт не е битно нивното наименување, затоа што постои соодветно министерство за образование и физичка култура, а таму со друг закон е регулирано каде тие средства со проекти ќе се наменуваат. Затоа сметам дека овде е само релацијата на средствата патувања од Лотаријата, каде што треба да занеме дека се за спортот, а во Министерството за образование по други основи и критериуми тие средства се доделуваат.

Затоа сметам дека е посоодветно да биде спорт. Не се согласувам да биде ставен "Олимписки" затоа што за да дојдеме да учествуваме на Олимпијада треба да створиме база во спортот долу. Повеќе се потребни овие средства и пари на програмите за развој на спортот, во фундаменот во посниските категории отколку на олимпизмот. Затоа сметам дека треба да остане "на спортот"

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)  ј.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од пратениците, Санде Давчев и Мирко Трипуновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТАЌИ ФИТИ:**

Амандманот не се произнесе. Тука е веќе пошироко за вработување на хендикепирани лица.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, господа министри.

Основната наша цел за поднесување на амандманот е постигната. Здруженијата на хендикепирани лица влегоа во член 4 во амандманот на Владата на РМ и сметам дека со тоа се постигна нашето барање.

Амандманот го повлекуваме.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандамнот на член 4 став 2 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се проифака.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитуван претседатеале, почитувани колеги,

Овој амандман го поднесов бидејќи желбата на сите хендикепирани лица е нивно вработување. Како што е ставено во предлогот на Владата, тоа е програми на здруженијата на хендикепираните лица. Тоа е активноста на здружението за попладневна активност. Тука нема средства за нивно вработување. Не може да има попладне активност ако преку денот нема вработување.

Овој амандман го поднесов бидејќи пред две години кога го поднесовме Законот за ПИО имаше предвиден член за отворање на нови работни места, но ние со Законот со ПИО, бидејќи не сакамве да стои таа помош за вработување на инвалидите го избришавме.

Минатата година, 1995 година вработувањето беше никакво. Само неколку инвалиди во цела држава се вработија. Целта на овој амандман е средствата да бидат наменски искористени бидејќи и желбата на овие хендикепирани лица е нивно вработување. Со тоа ќе се постигне наместо да стои "Здружение за хендикепирани лица" да стои "вработување на хендикепирани лица".

**ТАЌИ ФИТИ:**

Почитувани пратеници, би сакал еден момент да го имаме предвид. Во овој Закон внесуваме решение кои што во основа се стандардни таму када е што оваа дејност е добро регулирана и уредена.

III/4.-

Исто така, секогаш треба да водиме сметка со кој закон која материја за регулираме,

Вработувањето на хендикепирани лица се регулира на друг начин односно со даночна политика. Вие знаете дека во рамките на даночната политика ние ги стимулираме претпријатијата да вработуваат хендикепирани лица. Таа работа таму се регулира, а ова е игри на среќа и затоа не можеме да го прифатиме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поставен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТАЌИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4-а поднесен од пратениците: Бранирод Михајловски, Благоја Силјановски и Рубинчо Белчески.

Амандманот се повлекува.

III/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 и 4 и на член 84 став 2 алинеја 7 поднесен од Законодавно - правната комисија. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАЌИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 2 и 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 точка 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 21 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23 став 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 42 за додавање нов став 6 по ставот 5 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за бришење на став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 55 за бришење на став 1 поднесен од ЗПК.

Со обој амандман се согласил повереникот на Владата:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 61 став 1 поднесен од пратениците: Душан Николовски, Петре Трајаноски, Александар Гештаковски и Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас ве молам г-дин претседатеале и почитувани пратеници се направи овде една мала забуна, како што се случува во вакви работи Претходниот амандман се однесува за Службата за внатрешни работи.

Владата не го прифаќа тој амандман.

III/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор. Расправаме за амандман на член 61 став 1.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Мислам дека стана недоразбирање. Се работи за ставот 1 кој ја регулира површината, да се намали од 30 до 20м$^{2}$.

Мислам дека е тоа прифатливо решение, да не објаснувам од кој аспект. Од тој аспект г-дин минстре дека настана забуна и сметам дека амандманот треба да биде прифатен.

**ТАКИ ФИТИ:**

Се извинувам, навистина настана забуна. Амандманот што се однесува за намалување на површината од 3Ом$^{2}$ на 20м$^{2}$ е прифатил за нас и ние го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 67 поднесен од пратениците: Душан Николовски, Петре Трајаноски, Александар Гештаковски и Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 76 став 3 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

III/9.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 9 став 2 алинеја 3 поднесен од пратениците: Душан Николовски, Петре Трајановски, Александар Гештаковски и Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 90 став 1 точка 1 и 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАЌИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 91 став 1 точка 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 94

III/10.-

Отворам претрес по амандманот за менување на член 94, точка 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 100 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе^

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратениците: Димче Настески, Ферид Мусовски, Алил Џафероски, Зоре Темелковски, Димитрије Вревезовски, Благоја Силјановски Рубинчо Белчевски, поднесоа амандмани на член 4 став 2 и на член 13 за бришење на став 4 по кој Владата не се произнела.

Пратениците: Горги Атанасов и Борис Костакев поднесоа амандман на член 100 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците: Димче Настоски, Ферид Мусовски, Алил Џафероски, Зоре Темелковски, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски и Рубинчо Белчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот не се прифаќа од причини кои што претходно ги образложував. Врзано е за терминот Врвен спорт и спорт.

**СТОЈКОВСКИ______________:**

Почитувани колеги, мислам дека амандманот што е предложен од нашите колеги пратеници треба да го прифатиме од една проста причина. Многу години сум во спортот и досега не сум нашол градација врвен спорт. Спорт е и фудбал, и ракомет, и кошарка, и бокс, но врвни како спортови не стојат никаде. Постои врвен спортист и градација има за врвен спортист ако освои некоја медала на олимпијада, на европско првенство итн. Само од таа причина не може да постои врвен спорт, туку постои спорт.

Уште една работа. Сметам мои колеги, пратеници кои го предложија овој амандман исто така да им ставам мала забелешка. Требаше ако се бориме за афирмација на нашата држава преку спортот да изделуваме средства за афирмација на нашата држава. Афирмацијата најдобро ја правиме преку Меѓународниот спорт. Само тоа требаше да стои за финансирање за Меѓународен спорт, меѓутоа, таков амандман нема, стои амандман за спрот и мислам дека треба да остане за спорт. Врвен спорт нема.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, се согласувам со констатацијата на колегата Благоја дека ниту во досегашните критериуми ниту во критериумите што се во тек на изработка во Министерството за образование и физичка култура се употребува некаде термин врвен спорт. Терминитe се "врвни спортисти, според постигнати резултати во одредени периоди"и се одредуваат врвните спортисти, и така се рангираат според пласман на светски првенства, Олимпијади, Европски првенства и клупски европски првенства. Јас не знам зошто е стравот од формулацијата спорт. Зошто му се одзема правото на тој што го води спортот да одлучува што и во кој период во колкава димензија ќе финансира, а се во согласност со своите утврдени критериуми и правила, и програми.

Во тек е изработката на критериуми за врвни спортисти и во тие критериуми ќе биде кажано што претставува врвен спортист односно кој пласман на какви Европски првенства се смета за остварување за врвен спортист.

Според тоа, како што не може некој од надвор да каже кого ќе финансира, треба да му се остави на Министерството според своите годишни усвоени програми за финансирање да каже кого ќе финансира, а и досега и од сега натаму секогаш ќе биде бенicифиран и во предност. Меѓународниот спорт односно врвните спортисти, така што целта и она-ка преку тие критериуми ќе биде постигната со овој закон. Вака ако се каже само врвен спорт недоречено, некој ќе се создаде впечаток дека некој сака нешто да манипулира или да избегне од некоја работа Оној процент што ќе се утврди од Лотаријата со годишните програми за финансирање на спортот ќе се пренесе во Министерството за спорт, а

Министерството за спорт преку своите програми, според периодот, според потребите на спортот ќе ги насочи ваму или таму. Тоа е толку логично што не знам зошто некој од надвор би кажал сега однапред ќе одат тие средства, а не кажува по кои критериуми,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, неодминливо е во расправа по овој амандман да земам учество исто така како еден од поранешните спортисти и спортски работник.

Сметам дека ова е една извонредна можност од добивката од игри на среќа да се коинцидира со од нас исто така донесениот закон за спорт и , како што ни е на сите познато, таму не докрај разрешеното финансирање на спортот, тука е таа коинциденција со овој закон и со делот на изворот на финансирање на спортот што преку овој закон ќе се обезбеди, да значи една финансиска материјана основа и за оние програми за развој на спортот што се предвидени во законот за спорт дека се донесуваат преку Министерството за образование и спорт. се согласувам со формулацијата да биде за спорт, значи намената која единствено во овој закон може како таква да биде дефинирана, а натамошната процедура кога е утврдена намената на тоа за кој спорт, за кои видови и категории на спортисти, за кои нивоа - републички и општински, тоа е по законот за спорт вистинска надлежност на соодветното надлежно Министерство за образование и физичка култура.

Се придружувам кон поддршката на амандманот.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 4 став 2 поднесен од пратениците Димче Настевски, Ферид Мусовски, Алил Џаферовски, Зоре Темелковски, Димитрија Вревезовски, Благоја Солјановски и Рубинчо Белчев.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на став 4 поднесен од пратениците Димче Настовски, Ферид Мусовски, Алил Џаферовски, Зоре Темелковски, Димитрија Вревезовски, Благоја Силјановски и Рубинчо Белчев.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа. Дури мислиме, јас само да предупредам, после ќе се дискутира натаму, мислиме дека тоа би бил опасно. Фактички со овој амандман би дозволиле секој, буквално секој спортски клуб да организира бинго преку јавните медиуми. Тука не е возможно да се контролираат работите и огромен дел од населението би бил инволвиран во тие игри. Не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоре Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека образложението на министерот за мене е доста сувопарно со тоа што вели дека на секого ќе му дадеме. Не сме овде ние тие што даваме или што земаме. Ние имаме Устав и во членот 35 каде што сме ставиле во образложението пишува што се дава и што се зема. Мене исто можеби не ми е драго да дадеме да произведуваат сокови и други производи, и на господата овде што седат стопанственици, ама Уставот дал да може да се демонополизира и за тоа сметаме дека ние како спортисти проблемот го гледаме од другата страна бидејќи на овој начин не гледаме нашите спортисти да ги внесеме во спортските сали и тие да играат бинго во одредена сала, а да не можат да играат бинго на телевизија. За мене поиздржано ќе беше ако овде се дадеше амандман или во Законот се напомнеше дека не може да се организираат игри на среќа и бинго во спортските објекти, бидејќи таму спортисти доаѓаат да спортуваат. За мене е прифатливо секој да може, бидејќи ние го гледаме како начин за извор на дополнителни средства во спортските организации и клубови, а конкуренцијата нека каже што и како. Во едно мало образложение од Министерството рекло дека тоа е проблем на механизмот на контрола. Механизмот на контрола се решава со други позаконски акти. Затоа сметам дека ова е издржано и не треба да им го одземеме правото на сите оние што се бават со спорт. Ние се бориме оваа млада популација да се бави со спорт, а не со дрога и се ова што е зло на 21-ит век. Затоа и апелирам овој амандман да се прифати.

IV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Би сакал да кажам една работа која е поврзана со самиот концепт на законот и која мислам дека треба да се има предвид, ако сакате и од стручен аспект повеќе. Јас се согласувам со она што го кажа г-динот Љубисав Иванов дека и ова е бизнис и има таков третман во светот. Меѓутоа, исто така мора да го имаме предвид фактот, бидејќи еве сега и господинот Темелковски зборуваше, дека станува збор за специфичен бизнис и тој специфичен бизнис има во најголемиот број на земји со развиена пазарна економија специфичен третман, а тоа значи дека е високо регулиран бизнис насекаде, бидејќи не треба посебно да се објаснува дека игрите на среќа и парите што се остваруваат и реализираат од овој тип на бизнис често пати се на прагот на осетливоста меѓу она што значи легално и не легално. Затоа, не е случајно што на секаде во светот ова се контролира од државата и тоа е високо регулиран бизнис, како што многу високо се контролира да речеме работата на берзата. Ние немаме таква и не ќе ја имаме уште многу време, меѓутоа, и во земјите со најразвиено претприемништво берзата строго се контролира и заради тоа никоја земја не можеме да ја оптужиме дека не е претприемнички расположлива. Истото станува и за оваа дејност. Според тоа, ние имаме во нашиот Устав член каде што се вели дека се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, меѓутоа, имате бизниси каде што државната регулација мора да биде присутна. Тоа е суштината на проблемот и токму заради тоа концептот е не 30 или 40 колку што сега ние имаме казина, ами концептот е 4,5 ,6. Точно, тука имате ограничување за да може државата таа работа да ја контролира.

IV/6.-

И овде во оваа дејност исто така сакаме некој ред да воведеме и некое ограничуваше да воведеме и тоа да биде строго контролирано, како функција на државата што значи државна регулација, а не административни мерки. Таа е нормална секаде во светот и решенијата во законот ние не ги измисливме, ниту јас ниту Министерството за финансии, ги земаме од земји кои имаат и поголемо искуство и оваа работа ја регулираат вака како што е предложено. Тоа се два концепти. Ние се определивме за овој концепт. Другиот концепт е државен монопол, тоа е веќе сосема друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Темелковски има збор, реплика.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван министре, почитувани колеги, ние се согласуваме со концептот. Ако јас од Вашиот предложен закон утврден дека Вие имате концепт младата популација да ја тргнеме од играта што Вие ја викате на среќа, јас ја викам коцка и комар, тогаш е врет, ќе Ве поддржам во целина. Но ако вие велите дека секој спортски клуб може да организира и во дупка и во шупа игра бинго и на среќа, не можам да го подржам концептот. Зошто тој млад спортист да не може да седи во својата локална телевизија и да гледа дали е еден од добитниците бидејќи тој се бавел со спорт два часа и дошол дома за да гледа да се релаксира. Јас Ве сфаќам, Вашиот концепт го сфатив како релаксација, а преку релаксацијата да може да обезбеди и некоја дополнителна награда како гледач, како спортист. Затоа, сметам дека концептите ќе беа по издржани ако позади во вториот дел не беше и законот за трансформација на Лотарија, бидејќи јас ова го сфаќам само како еден

деловник и за работа на Лотарија која што е во предниот план организирана, а не и како пошироко поле за игри на среќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Настовски.

**ДИМЧЕ НАСТОВСКИ:**

Јас само би кажал неколку зборови. Прво, за мене е несватливо зошто во Предлог законот не беше внесен овој став дека се забрануваат игрите на среќа на локалните или какви и да било телевизиски медиуми. Во Предлогот на законот без никакво образложение сега во законот се внесува тоа дека се забранува. Тоа е едната работа.

Втората работа, едно е концептот друго е кршење би рекол на уставни одредби, бидејќи во Уставот јасно и децидно е кажано дека не постои ограничување во однос на претприемаштвото. Во членот 55 од Уставот тоа е децидно кажано и не смееме со законот на одреден начин да дисквалификуваме децидни уставни одредби. Не знам зошто и како се тврди дека контролата би се водела подобро во секој зафрлен објект отколку ако тоа се прави преку јавни телевизиски преноси, каде што се знае колкав е бројот на продадени карти, тоа го гледа народот преку телевизиските екрани,дали на некоја локално или републичко средство на јавните медиуми. Не можам да сфатам дека контролата би била подобра во некоја дупка, како што рече г-динот Темелковски, отколку да се дава преку телевизија. Дали со ова се прави монопол на Лотарија на Македонија, а јас од колегите пратеници тука слушам пред донесувањето на овој закон веќе Лотарија е приватизирана, формирана е како мешовита фирма со шведски капитал. Ако е тоа така, дали ние повторно на некој приватник не му даваме . Во целина би требало да видиме една

работа, а тоа е дали со ова се подобрува квалитетот на игрите на среќа или напротив се влошува квалитетот. Сега преку локалните телевизии ако едно бинго оди до десетина илјади продадени тикети, тоа е веќе и определен износ за државата преку данокот на добивки. Ние ќе бидеме единствена држава која се откажува од регуларен данок на добивка, бидејќи на секоја добивка на бингото на секоја продадена карта се плаќа и данок на добивка. Не можам да сфатам дека државата така лесно се откажува, наместо да продава по десет илјади тикети, да продава само по сто или двеста на оние кои ќе бидат во тие сали каде што се организира бинго сала. Тоа е од една страна. Од друга страна, се тврди дека не треба да ги инволвираме децата во игри на среќа. како полесно ќе ги инволвираме, ако одат таму каде што се пуши и се пие алкохол или гледаат дома со своето семејство, со својот татко, мајка, баба, дедо и играат обичен бинго тикет. Мислам дека не држи објаснувањето дека треба да бидат забранети и затоа ставот 4 од членот 13 треба да се брише.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот министер Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Повеќе како реплика, инаку право е на пратениците секој да го задржи своето мислење. Не треба сега со тоа да зборуваме овде и да покажуваме со прст на Владата, Владата се откажува од данокот на добивка и не знам што. Ве молам, господа пратеници, играта на среќа не е ново производство. Тоа е прераспределба на нешто што постои. Според тоа, нема земјата да се развие со ова. Јас велам нашиот концепт е да пуштиме таа работа ца тече, меѓутоа, да биде содржана регулација , онака како што е насекаде во светот и прашање е претприем-

ништво во оваа дејност, до која сфера можеме да одиме. Тука е проблемот. Овде станува збор, општо познато е, сите Вие знаете, не за создавање нова вредност, за прераспределување на она што е веќе создадено. И сега во услови на економски кризи и такви состојби, исто така по мое мислење треба државата да има мерка до каде оди и до каде ги дозволува тие дејности. Тоа е проблемот и тоа е суштината на нашиот концепт, а не да го ограничуваме претприемништвото. Меѓутоа, да бараме претприемништво таму каде што е местото на претприемништвото, а јас како економист Ви кажувам дека претприемништвото не е овде во оваа дејност или најмалку е во оваа дејност. Тоа е во со- сема други дејности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Марјан Начевски.

**МАРЈАН НАЧЕВСКИ:**

почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека треба да го прифатиме овој амандман и мислам дека министерството мора да воведе контролен механизам преку печатење на тие талони, на купони. На тој начин се е решено. Наместо да бидат 4,можат да бидат и 44 со таа контрола. Како што печатиме пари, ќе печатиме и талони бидејќи се вредносни со сериски броеви и тогаш ќе имаме комплетна контрола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

37 пратеници гласаа за.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Има збор г-динот Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање,се сомневам во гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

( Повеќе од 10 пратеници креваат рака).

Го молам заменикот секретар Живко Тодоровски да помине на поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:** V/1.- CJ-ВБ

| | | |
|---|---|---|
| **1. ФАИК АБДИ** | - | воздржан |
| **2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА** | - | воздржан |
| **3. АБДУРАХМАН АЛИТИ** | - | не е тука |
| **4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ** | - | не е тука |
| **5. СТОЈАН АНДОВ** | - | не е тука |
| **6. БРАНКО АРСОВСКИ** | - | за |
| **7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ** | - | за |
| **8. АМДИ БАЈРАМ** | - | за |
| **9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ** | - | **за** |
| **10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ** | - | воздржан |
| **11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ** | - | против |
| **12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ** | - | против |
| **13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **14. ИВАН БОЈОВ** | - | за |
| **15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ** | - | за |
| **16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ** | - | **за** |
| **17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ** | - | не е тука |
| **18. КИРЕ ВИДИМЧЕ** | - | не е тука |
| **19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ** | - | не е тука |
| **20. АЛЕКСАНДАР ГЕШГАКОВСКИ** | - | **за** |
| **21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ** | - | за |
| **22. ТУШЕ ГОШЕВ** | - | за |
| **23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ** | - | за |
| **24. САНДЕ ДАВЧЕВ** | - | за |
| **25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ** | - | за |
| **26. ЛАЗАР ДИМОВ** | - | не е тука |
| **27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ** | - | не е тука |
| **28. САМИ ИБРАИМИ** | - | не е тука |
| **29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ** | - | за |
| **30. МИРКО ИВАНОВ** | - | не е тука |
| **31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ** | - | за |
| **32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ** | - | за |
| **34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ** | - | за |

V/2.-

| | | |
|---|---|---|
| **35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ** | - | за |
| **36. ЗЕЌИР КАДРИУ** | - | не е тука |
| **37. ЗВОНКО КАРОВ** | - | не е тука |
| **38. ИЛИЈА КАРОВ** | - | за |
| **39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ** | - | за |
| **40. БОРИС КОСТАЌЕВ** | - | за |
| **41. СЛАВКО КОТЕВСКИ** | - | за |
| **42. МАРЈАН КОТЛАР** | - | не е тука |
| **43. АЦЕ КОЦЕВСКИ** | - | за |
| **44. ЗОРАН КРСГЕВСКИ** | - | не е тука |
| **45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА** | - | не е тука |
| **46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ** | - | не е тука |
| **47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ** | - | не е тука |
| **48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА** | - | за |
| **49. НАЗМИ МАЉИЧИ** | - | против |
| **50. РИСТО МАРКОВСКИ** | - | не е тука |
| **51. РИСГО МАСЕВ** | - | за |
| **52. ЉУПЧО МЕШКОВ** | - | за |
| **53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ** | - | за |
| **54. ПАНЧО МИНОВ** | - | за |
| **55. ДРАГАН МИТЕВСКИ** | - | не е тука |
| **56. ИЛИНКА МИТРЕВА** | - | не е тука |
| **57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ** | - | за |
| **58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ** | - | за |
| **59. ФЕРИТ МУСОВСК И** | - | за |
| **60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ** | - | за |
| **61. ПАНЧЕ НАСЕВ** | - | за |
| **62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ** | - | за |
| **63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ** | - | не е тука |
| **64. ВАНЕ НАУМОСКИ** | - | не е тука |
| **65. СИМОН НАУМОСКИ** | - | не е тука |
| **66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ** | - | за |
| **67. ЈОВАН НИКОЛОВ** | - | не е тука |
| **68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ** | - | за |
| **69. РИСТО НИКОЛОСКИ** | - | за |
| **70. БОРИС ПАВЛОВ** | - | не е тука |

| | | |
|---|---|---|
| **71. ТОДОСИЈА ПАУНОВ** | - | за |
| **72. ТИТО ПЕТКОВСКИ** | - | воздржан |
| **73. МИРКО ПЕЦОВ** | - | за |
| **74. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ** | - | за |
| **75. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ** | - | не е тука |
| **76. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ** | - | за |
| **77. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ** | - | не е тука |
| **78. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ** | - | за |
| **79. АБДУРАУФ ПРУСИ** | - | не е тука |
| **80. ИСМЕТ РАМАДАНИ** | - | не е тука |
| **81. САЛИ РАМАДАНИ** | - | не е тука |
| **82. ХИСЕН РАМАДАНИ** | - | не е тука |
| **83. МИТКО РИСТЕВСКИ** | - | не е тука |
| **84. НАНО РУЖИН** | - | не е тука |
| **85. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ** | - | за |
| **86. НАУМ СИМЈАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **87. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ** | - | за |
| **88 КИРИЛ СПАСОВСКИ** | - | за |
| **89. ЈОВАН СРБИНОВСКИ** | - | не е тука |
| **90. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ** | - | за |
| **91. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **92. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ** | - | за |
| **93. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **94. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ** | - | не е тука |
| **95. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ** | - | за |
| **96. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ** | - | не е тука |
| **97. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ** | - | не е тука |
| **98. МЕВЉАН ТАИРИ** | - | за |
| **99. ВЕЉО ТАНТАРОВ** | - | за |
| **100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ** | - | за |
| **101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ** | - | за |
| **102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА** | - | не е тука |
| **103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ** | - | за |
| **104. МИЛЧО ТРАЈКОВ** | - | не е тука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **105. РИСТО ТРАЈКОВ** | - | не е | тука |
| **106 .МИРКО ТРИПУНОСКИ** | - | за | |
| **107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ** | - | за | |
| **108. РАМИ ТУДА** | - | не е | тука |
| **109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ** | - | не е | тука |
| **110. СЕФЕДИН ХАРУНИ** | - | не е | тука |
| **101. ЌЕНАН ХАСИПИ** | - | не е | тука |
| **102 ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ** | - | за | |
| **113. СЛАВЧО ЧАПОВ** | - | за | |
| **114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ** | - | не е | тука |
| **115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ** | - | не е | тука |
| **116. АРБЕН ЏАФЕРИ** | - | не е | тука |
| **117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ** | - | за | |
| **118. ЗОРАН ШАПУРИЌ** | - | не е | тука |
| **119. ИСНИ ШАЌИРИ** | - | не е | тука |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 65 пратеници. За 67 пратеници, против 3 пратеници и воздржани 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 100 став 1 поднесен од пратениците Горѓи Атанасов и Борис Костаќев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Атанасов има збор.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Мислам дека со амандманот не се руши концептот на Законот. Бавањето не е не знам колку големо а реков дека е мотивирано пред се од задржување на работниот однос на оние вработени кои што тоа право го остваруваат сега во постојните касина. Ако во издавањето на првата лиценца претпоставиме, барем така беше истакнато на Комисијата дека ќе поминат 60 односно 90 дена предлагаме да постојните касина кои што се вкупно 21 продолжат со работа и во наредниот тримесечен период.

Сметаме дека со едно вакво решение не може никој да има загуба бидејќи државата по сите основи ќе ги остварува добивките од овие касина, а и постојните вработени ќе можат барем овие 6 месеци да го остваруваат тоа право, а во меѓувреме, доколку овие касина не ги добијат потребните лиценци, тие ќе бараат ново решение.

Од тие причини мислам дека е добро да го поддржиме амандманот

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас сум должен, исто така да предупредам на една многу сериозна работа токму по повод на овој амандман. Видете, да ве потсетам ако добро се гледа законот кога станува збор за казина, да играчници, лиценцата се издава врз база на јавен тендер, фактички јавен конкурс. И, во него може во начело да учествува секое претпријатие што е организирано како трговско друштво. Кога има јавен тендер треба да има јасни правила на игра како тоа се доделува.

**ТАКИ ФИТИ**: (Продолжение)

Видете, во која ситуација ние ќе дојдеме. Ако се јават да речеме 5-6 да речеме или 7-8 и добива еден, оној што добива треба да патли пари и основен критериум кој ќе ја добие лиценцата е колку ќе плати на државата. Според тоа, ако сега условно зборувам, некој плати еден милион ДЕМ. тој тие ги плаќа за да ја добие лиценцата и «да се организира во услови кога во државата постојат 6 играчници, 6 казина, а не уште 20 други. Бидејќи оној што ги плаќа парите треба со тек на време да ги врати тие пари, тоа е логиката и тоа е суштината. Според тоа, овде се руши концептот и транспарентноста на јавноста на конкурсот, односно на јавниот тендер. Ние даваме преоден рок, ве молам, и велиме преодниот рок е до^денот на издавање на лиценцата. Дали ќе биде 60 најверојатно 90 дена мислам дека еден преоден период од 3 месеци е сосема разумен за да можат постојните казина да се реорганизираат и оние што имаат намера навистина да вложат во оваа дејност, тоа да го направат и да ги исполнат условите. Инаку, замислете некој би платил поприлична сума за таа работа, има јасен закон во кој се вели дека 6 играчници ќе има на територијата на РМ е, сега ќе има уште 3 други или 20-30 други. Тоа е во судир со концептот ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Горѓи Атанасов.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Можеби 3 месеци е разумен период, меѓутоа, јас кажав кој беше мотивот овој амандман го поднесеме. Сметам дека нема да бидат загрозени интересите на тие кои ќе ја добијат првата лиценца доколку се дозволи уште 3 месеци да работат постојните казина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4, поднесен од пратениците Бранирод Михајловски, Благоја Силјановски, и Рубинчо Белчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Се извинувам има збор г-динот Бранирод Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Една корекција, бидејќи во меѓувреме откако го поднесов амандманот до службите од страна на пратениците беше усвоен еден друг амандман. Зборот "врвниот" се брише и наместо зборот "спорт" се заменува со зборот "спортот".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бар збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52)

Немаме кворум.

Молам, дали е некој против? (1)

Дали некој се воздружува од гласање? (1)

Молам да изброи присуството на пратениците во салата.

Во салата има 67 пратеника.

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за игри на среќа и за забавни игри.

Преминуваме на втората точка од дневниот ред - Предлог на закон аз дополнување на Законот за данокот на промет на производи и услуги.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на РМ, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како еден од предлагачите на овој закон сакам во неколку црти да ги изнесам причините за предлагање на овој закон.

Како што е познато, на минатата седница Собранието го усвои Предлогот за донесуваше на овој закон. Исто така, Комисијата за финансираше и буџет, Комисијата за стопанство и ЗПК, го поддржаа овој закон. Еден од главните мотиви на предлагање на овој закон заедно со другите предлагачи, барем според мене, беше заштита на најмладата популација со овој и намалување на данокот на промет за конфекциските броеви до број 14, како и за обувките до број 34. Со ова сметаме дека во оваа тешка социјална положба на најголем дел од населението ќе им биде доста олеснето, бидејќи ќе можат доста поевтино да ги набавуваат овие производи, бидејќи ќе се намали данокот од 25 на 5%, како што беше и во претходниот закон.

Исто така би сакал да нагласам дека праксата во повеќе европски земји не само за овие производи, туку и за други производи за деца данокот е помал од редовната даночна стапка, а во некои земји до одредена возраст се ослободени од данок. Поради овие причини и поради освен социјалните ефекти сметаме дека ќе се постигнат и развојните ефекти, бидејќи текстилната индустрија, индустријата за чевли и друга индустрија е во доста тешка положба и од овие причини сметам дека Собранието ќе покаже слух и ќе го донесе овој закон

односно ќе го изгласа со што ќе им помогнеме пред се на најмладата популација во државата т.е. на децата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги.

Би сакал и јас со неколку збора да изразам поддршка на предложеното изменување и дополнување на законот пред се од аспект што ваквото решение овозможува еден голем слој на граѓани кои спаѓаат во категорија на социјално загрозени фамилии можат да го решат проблемот на купување на најосновните работи облека на своите деца односно да успеат да набават она што е најнеопходно за своите деца.

Сметам дека Владата требаше до сега да се изјасни по овој предлог и ако се сеќавате од минатиот пат очекувавме Владата да даде меѓутоа сметам дека ваквиот предлог треба да се прифати и да овозможиме навистина еден голем слој на граѓани да можат да ги реализираат најнеопходните потреби за своите деца, односно да овозможат да набават поевтина роба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас ќе се осврнам сосема од друг аспект на овој предлог на амандман даден. Мислам дека државата треба преку своите органи да јас штити законитоста и да ги гони оние кои го кршат законот. Сега ги ставаме под иста капа и оние чесните кои произведуваат стока и оние нечесните, бидејќи државата не е способна преку своите инспекции да го санкционира оној кој нечесно да врши својата функција и сега за да направиме нешто што би било во ред донесуваме закон со кои ги казнуваме сите и чесните и нечесните. Мислам дека тоа не е право, законот треба амандманот да се прифати и стапката од 25 да се намали на 5%.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој ен бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев, поднесе амандман за менување на член 1 по кои предлагачите на законот не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

(Пратеникот Санде Давчев го повлекува амандманот)

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене ркаа? (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за данок на промет на производи и услуги.

Преминуваме на третата точка од дневниот ред - Предлог аз донесување на закон за ратификација на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, малку со задоцнување, меѓутоа сепак добро е што денеска расправаме за таков важен акт. Се работи за многу важен инструмент со кој практично барем кај нас и фактички ќе се искристализира границата помеѓу индивидуалните и колективните права на граѓаните кои досега кај нас со намера или без намера со знаење или со незнаење претставува магла.

Ратификување на овој акт, на оваа конвенција односно рамковната конвенција произлегува од нашата обврска како членка во Советот на Европа и од еден заклучок на Комитетот на министрите според кои заклучок новите евентуални членки на Советот на Европа треба да ги прифатат неколкуте конвенции меѓу кон најважни беа односно оваа

рамковна конвенција за заштита на националните малцинства европската повелба за регионалните малцински јазици и Европската конвенција за правата на човекот. Целта на ова беше што повеќе ратификациони инструменти да се доставaт и да стапат во сила овие важни конвенции така да се стандардизираат односите во меѓунационалните односи, особено во државите кои произлегле од бившиот тоталитарен режим.

Конвенцијата е усвоена 19 94 година но сеуште не е во сила, ми се чини дека треба уште 4 ратификационк инструменти за да стапи во сила. Според некои проценки оваа конвенција ќе стапи во сила. Според мене, во однос на конвенцијата се поставуваат неколку важни прашања од тоа кои се тие важни компоненти и сегменти и важни содржини кои ќе овозможат реално да се поправи состојбата во доменот на меѓунационалните односи, кои се тие содржини кои ќе овозможат унапредување на авансирање на статутот на националните заедници и групи дури до степен до реалната рамноправност со мнозинскиот народ. Одговорите се следни:

Прво, што се однесува до ратификацијата на овој инструмент односно на овој меѓународно - правен акт фактички практично и правно и од ова ниво се потврдува дека националните заедници не претставуваат само внатрешен дел на една држава и внатрешен проблем на една држава, туку тие истовремено се категорија, туку тие истовремено се категорија која спаѓа под меѓународна заштита односно тие претставуваат своевиден субјект, ограничен субјект, на меѓународното право.

Второ, со прифаќање на овој инструмент, на оваа конвенција практично како што стои во членот 4 на Конвенцијата ќе се овозможи

односно ќе се преземат мерки односно да се овозможи целосна и ефикасна рамноправност на мнозинскиот народ односно на народите кои не се во мнозинство националностите со народот кој е во мнозинство и тоа децидно во економската, културната, политичката и општествената сфера. Дури ставот 3 од истиот член предвидува дека тоа не може таквите позитивни мерки за да се оствари целосната и ефективната рамноправност не можат да се протолкуваат како дискриминација. Значи, фактички во овој акт се легализира позитивна дискриминација се со цел да се оствари таа реална потполна рамноправност со мнозинскиот народ.

Трето, актот предвидува значително подобрување во сферата на јавното информирање и медиумите од сегмент на националните заедници така што актот односно конвенцијата предвидува дека националните заедници односно при наши услови националностите можат да имаат сопствени медиуми што при наши. услови може да се интерпретира и вака односно треба да се интерпретира вака дека статусот на реакциите на националностите при јавното радио дифузно претп5ријатие како што МРТВ би требало да се здобива со поавансиран статус.

Четврто, се работи за членот 10 став 2 на Конвенцијата дека на териториите каде националните заедници живеат во значителен дел или традиционален односно мнозински тој јазик ќе биде во употреба и во комуникација со државните институции односно како што стои во текстот со државната администрација.

**МЕРСЕЈ1 БИЈ1АЛИ:** (продолжение)

Со ова практично паѓа во вода досегашната интерпретација од повеќе кругови, дури и службени кругови, во однос на членот 7 став 2 и 3 од Уставот дека поимот единица на локална самоуправа претставува само организационен облик а не и територијална формација каде вршат дејности другите државни институции, подрачјни министерства и други органи што вршат јавни овластувања.

Понатаму, со оваа конвенција практично по нејзиното прифаќање ќе се разреши енигмата во однос на традиционалните називи, географските имиња, топографските ознаки итн.

Петто, исто така, е важно што во актот се предвидува

дека националните заедници може да формираат и да управуваат со приватни образовни институции. Значи тука имаме две компоненти, формирање и управуваше со тие институции и наводно тоа ќе биде еден аванс и наводно дека нема да важи за основното образование бидејќи тоа исклучиво спаѓа во доменот на државата.

Важно е исто така што комитетот на министрите на советот на Европа е задолжен за спроведување на овој акт и тој ќе дава оценка како државите го спроведуваат овој акт односно ја спроведуваат оваа конвенција и од таквата оценка ќе зависи и финансиската поддршка на одредени држави членки на Советот на Европа. Така, во рок од една година по стапување во сила на оваа конвенција државите треба да поднесуваат извештај кои законски мерки ги презеле за да се поправи состојбата во однос на меѓународните права, кои мерки, кои акти итн. Потоа, подоцна по барање на Комитетот на министрите исто така ќе се доставаат релевантни информации.

Иако се уште оваа конвенција не е во сила, меѓутоа, според Уставот секој меѓународно правен акт кој се ратификува во Собранието автоматски претставува составен дел на правниот поредок. Значи, дека Македонија ја обврзува од сегашниот момент.

Самата ратификација е позитивен формален чекор, меѓутоа, од тоа дали ќе се остваруваат определбите од конвенцијата или не ќе зависи дали ќе имаме европска ориентација со прогрес и просперитет или ќе имаме балканска ориентација со трајно сиромаштво, трајна беда конфликти итн.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Пошироката меѓународна заедница долго време преку промовирање на повеќе активности и усвојување на релевантни документи во рамките на она, ОБСЕ како и преку Европскиот совет ја потврдуваат својата решеност за обезбедување на целосна и вистинска еднаквост на припадниците на разните етнички колективитети кои се во малцинство, во мултиетничките средини. Овие активности посебно се интензивирани во последната деценија, во рамките на Советот на Европа и ОБСЕ каде слободно може да се каже дека е во тек промоција на етничките права, како фундаментален човек права. Ова посебно може да се забележи по усвоената декларација на шефовите на држави ви влади, на државите членки на Советот на Европа, прифатена во Виена на 9 октомври 1990 годи- на, од што произлезе и рамковната конвенција која ги востановува принципите од кои државите членки треба да поаѓаат при водење на својата политика, кон остварување на националните права, односно обезбедување на целосна еднаквост на сите граѓани.

Лично се надевам дека со ратификацијата на Европската конвенција на човекови права и рамковната конвенција се отвора ново поглавје кое ќе заврши со создавање на хармонични односи меѓу различ-

ните етнички колективитети во нашата држава, поготово што никој досега не го оспори почитувањето на меѓународните стандарди од областа на меѓунационалните односи. И покрај тоа што имаше одредени нагодувања, што сметам дека е добра почва за доследно имплементирање на принципите наведени во рамковната конвенција, со што ова конвенција станува дел од нејзиниот правен систем.

Со ратификација на оваа конвенција се создаваат неопходните предуслови за надминување на некои отворени прашања во меѓунационалните односи, а кои со доследна имплементација во домашната легислатива би довеле до изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија, под услов да не се навлезе во критикувања кои би имале за цел на нецелосно исполнување на преземените обврски со ратификација на рамковната конвенција.

Се надевам дека ова е само еден почеток и со почитување на сите релевантни документи од разните меѓународни организации, пред се тука мислам на ОН, ОБСЕ, ќе се создаде една половна клима во која ќе се дојде до взаемно прифатливи решенија за повеќе прашања кои ги влошуваат меѓунационалните односи во Република Македонија.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Оваа конвенција секако е една од најважните конвенции што ги ратификува овој парламент, а за малцинствата секако најважната конвенција досегашна, па и отсега.

Од сите овие членови на оваа конвенција, при анализата постудиозна најдов еден многу важен бисер, не знам кој како забележал но во самиот текст, поготово во членот 3 и бисерот кој може да се развлече во фискалната политика како влегување во примарната емисија на банките, треба да се нагласи една многу важна работа. Предлагач е Владата на Република Македонија, претставници се министерот за надворешни работи на мнозинството, наводно, на оваа Република, како и Министерот за правда. Нагласувам по овој повод,

посебно за неправда а и неговиот заменик, за жал, Мерсим Положани, како и повереницитe. Меѓутоа, свесни или несвесни при нивниот потпис како што е доставено, стои потпис на вашиот премиер г-дин Бранко Црвенковски. Никако да внимавале, а не знам колку ги анализирате вие овие институции. Во членот 3 дословно пишува: "секој припадник на националното малцинство има право слободно да избере, да биде или да не биде третиран како таков , а никаква шета не смее да произлезе од таквиот избор, или од вршењето на првата поврзани со тој извор".

Додека предлагачот, т.е. Владата на РМ, во својот предлог, декларација, јавно манипулира и фалсификува, значи една меѓународна и многу важна конвенција, оваа Влада, а посебно составувачот на овој текст, па додава на Перфиден начин, не знам кого сака да измами, може би и овој парламент и цела јавност и цел свет. Но, правиот народен пратеник на Кичево, на албанците, па и другите кои живеат во Македонија, никако. Апсурдот е овој. Значи после овој член, заедно со целокупниот | текст на конвенцијата која треба да ја усвои овој Парламент, се додава бисерот - предлог Декларација во врска со рамковната конвенција за заштита на националните малцинства усвоена од Комитетот на министрите од Советот на Европа на 10 ноември 1994 година. Република Македонија изјавува:

1. Изразот национални малцинства употребен во рамковната конвекција за заштита на националните малцинства соодејствува и е идентичен со изразот националности кој се употребува во Уставот и законите на РМ.

2. Одредбите на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства ќе се однесуваат на албанската, турската влашката, ромската и српската националност кои живеат на територијата на РМ. Другари, спрема членот 3 од оваа конвенција за која се одговара и пред меѓународниот суд, значи ние албанците и јас се определивме

да не ни се обрати веќе никој во оваа држава со такво име. Значи ние спрема овој член не сме согласни и да не ни се става таква етикета. Значи албанците не се малцинство.

Ако треба на уважениот професор на правниот факултет да му објасниме, ќе одржиме цело предавање што е тоа малцинство, што е националност, а некогаш беше народност. И затоа ќе гласаме во името на мојот електорат, во името на мојата партија за демократски просперитет на Албанците, во името на мојата парламентарна група ПДП - А - НДП и во мое лично име, за конвенцијата а не за овој фалсификат, предлог декларација. Затоа барам најенергично да се повлече и веќе никогаш да не се повтори такво и нешто слично.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор, (Никој)

бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за ратификација на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

Кој е за молам да крене рака?

Очигледно немаме кворум, па гласањето не е валидно.

Молам да се повикаат пратениците и да влезат во салата.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:** (продолжение)

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон .

Кој е за, молам да крене рака? (      пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Повторно и по Предлогот на законот не излегов како припадник на малцинство, тоа јас не сум, туку за другите малцинства кои живеат во Македонија. Нормално имам многу пофални зборови за неколку членови само да не должам многу, изгледа ќе бидам единствен дискутант, и за членот 4 и за членот 5, 6 и н. а посебно, да не ве заморувам ќе се задржам иако на кратко, да ви докажам уште една новост, друга новост во членот 12 со што исто така се согласувам. Меѓутоа, како и многу членови каде се предвидени доследни доследно извршувањата на прафата на малцинствата насекаде во Европа па и кај нас, за жал слабо се спроведуваат. Да не зборувам за помалите малцинства кај нас чиј глас уште не се слуша, а верувам дека во иднина ќе биде и тоа. Мислам за неалбанците.

Во членот 12 дословно пишува:

"Странките ќе преземаат (значи државите) до колку е потребно мерки во образованието и истражувањата за унапредување на сознанијата за културата, историјата, јазикот и верата на нивните национални малцинства како и на мнозинството".

Во ставот 2 вели:

"Во овој контекст страните, меѓу другот, ќе понудат соодветни можности за образование на наставници и пристап до учебниците, а ќе ги олеснат контекстите меѓу учениците и наставниците од различните заедници". Тоа важи за протестантите, децава надвор, младината и студентите посебно треба да го проучуваат овој член, а посебно ставот 2.

И на крајот што е најважно, иако албанците со оваа Конвенција со која не се согласувам дека се однесува на нив, туку се уште повеќе фаворизирани, но овој минимум што е предвиден за малцинствата сепак одговара, а посебно ставот 3 во членот12 :

"Странките се обврзуваат да ја унапредуваат еднаквоста на можностите во пристапот до образованието на сите степени за припадниците на националните малцинства".

И сега што? По овој повод, дали одговара некому или не, нема "а, а" ни "па, па" , од сега или , јас ќе гласам повторно со моите, значи во името на партијата, за електоратот и мојата парламентарна група, но ве молам вие немојте да гласате за овој предлог на закон затоа што не ви одговара. Ако гласате сега, а јас ве повикувам немојте, значи дека веќе сега, од сега, денеска, не кога ќе дојде предлогот на закон за високото образование, со тоа денеска се ставаат точно 100%, сака некој или не, сакате вие или не, се ставаат темелите и институционализирањето на Универзитетот во Тетово. И нека ни е за аир, да ни честитате и вие и целата јавност.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Пвлаов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Јас поинаку го читам членот 12 став 3. Мислам тука е многу јасно и не е така како што го чита колегата Сали Рамадани, него кај нас така и е. За сите припадници во Македонија, двата универзитета на Македонија се подеднакво пристапни за сите, Ако добро читаме така и пишува:

"Странките се обврзуваат да ја унапредуваат еднаквоста на можноста во пристапот до образованието во сите степени и за припадниците на националните малцинства".

Според тоа, на Универзитетот во Скопје и Битола е тој на кој можат сите да се школуваат. Мислам дека тука нема ништо спорно.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова е чист фалсификат.

Прво, дење е и се гледа, а второ и добро гори тука, јаки сијалици има.

Значи ако се земе целиот текст, на секаде се зборува дека малцинствата, а тоа не сме ние албанците, се рамноправни, во културата, историјата, јазикот, да не повторувам сега, да не почнувам одново на оние членови што ги прескочив. Тоа прво.

Второ, вие го прескочивте, значи читате наопаку, како вам ви одговара, а тоа е многу погрешно. Тука не пишува македонски народ, туку малцинства и ставот 1, а ставот 3 веќе го цитирав и мислам дека не треба никакво образложение. Жалам што такво мислење имате.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? ( 66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на рамковната конвенција за заштита на националните малцинства.

Минуваме на точката четири, Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на Прввиот протокол, Протоколот бр. 4,Протоколот број 7 и Протоколот бр. 11 кон Конвенцијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени "односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на прввиот протокол, Протоколот бр.4, Протоколот бр. 6, Протоколот бр. 7 и Протоколот бр. 11 кон Конвенцијата.

Кој е за, молам да крене рака? ( 66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? ( 65 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон-

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Фрчковски, министер за внатрешни работи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство.

Важно е да се констатира дека со овој Предлог закон за ратификација на Конвенцијата за човековите права и основни слободи , Европската конвенција за човекови права и основни слободи, практично влегуваме во една нова фаза на отвореност на нашиот правен систем и политички, секако после тоа, во однос на Европските стандарди за човековите права што се исто така и светски стандарди, преку соодветните конвенции на ОН.

Тоа што е важно за нас во овој момент е да констатираме дека Македонија во процесот на приемот и после приемот во Советот на Европа ја изрази својата волја со самата ориентација да ги прифати сите стандарди што се подразбираат во областа на човековите права во овој процес, тоа секако се согласува со општата Европска ориентација на земјата и со убедувањето дека на тој пат, во првите чекори од формирањето на независна македонска држава во оваа област чекориме практично од почетокот на линија на зачувување на овие стандарди.

Она што е нов квалитет на тој пат е отвораше, согласно на Уставот, соодветните членови на Уставот на РМ, отворање на нашиот внатрешен правен поредок како и судството во целина на една дополнителна проверка, дополнителна линија на проценка на одлуките по повод конкретни нарушувања и конкретни случаи на нарушување на човековите права и од соодветните Европски институции, судски институции.

Тоа не става во позиција на зголемена претпазливост во односот на зголемена одговорност, во односот на почитување на човековите права во земјата од сите институции на системот, бидејќи логично се прифаќа стандардот за просудба во соодветна процедура во сите конкретни случаи да може да даде некој кој на некој начин стои над врховните судски органи во државава.

Тоа е една нова ситуација, која сите нас, уверувања наши и уверувања на Владата јас мислам го делам тоа со вашето уверување ќе ја стави земјата во една дополнителна институција, дополнителна проверка на начинот на кој функционира целиот правен систем. Тоа секако, јас сум оптимиста ќе ја потврди глобалната ориентација и ќе ја засили структурата и темелите на правната држава во РМ:

Исто така може да се, можеме барем ние да констатираме со задоволство дека практично целиот опус, целиот корпус на членови на европската конвенција вградени се и нормативно и во политичката пракса состојбата, правната ситуација во РМ. Таа е на некој начин хармонизирана во еден голем дел. Секако , тоа не може да се направи одеднаш, тоа е оној термин на транзиција што го користиме, тоа е дека проектираниот политички правен систем во еден период на време се остварува.

Мислиме дека во тоа темпо на остварување одиме добро. Ако ги погледнете земјите кои ја ратификувале Конвенцијата и претходната

Рамковна конвенција вели дека Македонија спаѓа во релативно првиот круг на земји. Точно е дека е тоа обврска на земјите што се зачленуваат во Советот на Европа во еден период на време да го сторат тоа, но ќе видите исто така во праксата, во практиката на тоа реализирање постои разлика од земја до земја.

Македонија спаѓа во земјите кои прилично ажурно и со едно релативно силно темпо своите обврски ги завршува, што зборува од една страна за проценката дека нашиот правен систем глобално е во склад со оваа рамка што Европската конвенција ја создава, а исто така претставува волја на оние делови што се во процес на усогласување, одат со уште едно засилено темпо во тој процес. Земјата покажува политичка волја и овој елемент на контрола над сопствениот правен поредок и политички систем се подложи и во таа смисла да се засилат структурите на почитуван>е на човековите права, а со претходната конвенција и правата на националните малцинства и националностите, како кај нас се викаат, во тој корпус.

Сакам да кажам, сакам да нагласам дека со татификување на оваа Конвенција , да нагласам пред вас дека на овој начин со донесување на законот за ратификација на оваа конвенција се отвора една нова етапа, практично потполна европеизација, така го користиме тој термин во оваа област, на правниот поредок на РМ, истовремено излагајќи се на дополнителни процедури, на проценка во сите конкретни случаи на евентуалното прекршување на човековите права.

Сакав тоа да го нагласам бидејќи ова е навистина една значајна етапа во;развојот на правниот систем во целина во РМ.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Г. Поповски.

Можеби ќе беше логично овој Парламент овие две точки да ги гледа по обратен редослед од формална гледна точка што и не е сосема битно. Но, од практична гледна точка мислам дека конвенциите се однесуваат на корпус на човековите права од секаков аспект и следуваат по обратен редослед откако ние што ги носиме во дневниот ред. Но, на крајот тоа е сосема небитно.

Со оглед дека министерот кажа многу работи, некои од работите сакам да ги потенцирам , само ќе ги повторам,сакам да нагласам самата волја на РМ да ги преземе овие конвенции како дел од својот правен систем едновремено претставува обврска за РМ. Сакам да нагласам дека обврските за РМ не престануваат и дека тие треба, кога веќе со овие две конвенции очигледно дека влегуваме во фаза на усвојување, првата ја усвоивме, втората е очигледно дека ќе се усвои, мислам дека сега веќе не постојат проблеми посериозно да не навлеземе и во другите конвенции што мислам дека, со оглед на нивната содржина се далеку понепроблематични и од аспект на нашето законодавство и од аспект од политичката филозофија што ја гради овој Парламент и Владата во последните години.

Мислам дека би било добро да апелираме, да ургираме до Владата, останатите конвенции и оние кои сме презеле обврска, меѓутоа и оние за кои немаме формално преземено обврска но за кои постои интерес во РМ од Конвенциите на Советот на Европа што се над стотина што побрзо да влеземе во фазата на нивно усвојување во Собранието на РМ. Тоа од две причини, особено од причината дека и тие конвенции, како и овие две што ги усвојуваме и оваа сега значително ќе го унапредат нашиот правен и законодавен систем.

Особено сакам да потенцирам по повод оваа Конвенција иако можеби ќе отстапи, мислам дека е време нашата Влада да почне да ја вклучува и Социјалната повелба на Советот на Европа што не е во доменот на овие човекови права што овде ги гледаме, меѓутоа спаѓа во доменот на социјалните права, особено во сферата на социјалното законодавство. Мислам дека тука ќе имаме доста проблеми разгледувајќи ја таа Конвенција меѓутоа, по повод расправата за овие конвенции би апелирал Собранието и Владата што побрзо да размислуваат во насока на проучување и да видиме евентуално до каде ќе можеме и со фазата на усвојување на овие конвенции.

Би сакал да нагласам дека со усвојувањето на овие конвенции РМ затвора две отворени прашања, едно внатрешно едно надворешно, надворешното е дека, ние сме , како што кажа г-динот Фрчковски министер за надворешни работи, ние сме во групата на земји, бројот на оние земји кои први ги ратификува овие конвенции. Оваа Конвенција за човековите права секако не меѓу првите, таа е многу стара и ратификувана од голем број, меѓутоа одделни протоколипо неа, особено протоколот бр. 11 меѓу првите. А , за претходната Конвенција мислам дека сме во редот на оние држави што го поттикнуваат стапувањето во сила на оваа конвенција. Бидејќи и со нашето усвојување таа сеуште не е стапена во сила. Треба поголем број на држави да ја прифатат, мислам дека се 12 ако добро се сеќавам. Тоа прашање од тој аспект го затвораме.

Мислам дека затвораме и на внатрешен план, што е многу битно за државава, многу битно за Парламентот и за Владата, едно крупно прашање, а тоа е големата непозната до сега, која формално за нас беше непозната, од аспект на законодавството, тоа е каков е процесот на усогласување на индивидуалните човекови права вклучувајќи ги и малцинските, образовни, културни и сите други права со меѓународните

стандарди кои што секогаш ги ставаме во некакви наводници и секој ги толкува на свој начин. Мислам дека вреди да се потенцира дека Советот на Европа е еден респективен меѓународен субјект во сферата на човековите права и дека ратификувањето на Конвенциите на Советот на Европа по однос на човековите права точно ја ставаат Македонија со својот правен систем во склопот на земји кои на највисоко ниво ги почитува човековите права.

IX/1.- ПЈ/ЈБР

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

И мислам дека со тоа затвораме една процедура на развој на настаните во нашата држава денеска и можеби можеме со гордост

се надевам не е претенденциозен тој збор да кажам дека го усогласуваме нашиот правен систем со стандардите на меѓународната заштита на човековите права и особено со највисоките стандарди, Најмногу места и многупати е потенцирано дека Советот на Европа од меѓународните институции има највисоки, и најстроги критериумот на заштита на човековите права. Ратификувајќи ги овие конвенции и оваа конвенција за базичката конвенција за човековите права и нејзините протоколи денеска мислам дека се вбројуваме во редот. на земјите кои дефакто го ускладувајќи своето законодавство. Мислам дека е тоа многу битно да се потенцира од нас пратениците во Собранието. По повод многу досега искажани и неискажани и конфликтни и контрадикторни ставови по повод почитувањето на човековите права во РМ од аспект на меѓународните стандарди. Мислам дека сега таа дилема ја расчистуваме.

Поддржувајќи го овој закон би сакал да апелирам до Владата на РМ односно до претставникот на Владата, ако е можно по повод односно по повод протоколот број 11 и пред усвојувањето на протоколот број 11, да ја образложи процедурата на член 22 од протоколот број 11 за Европскиот суд на човекови права во Стразбург да ја образложи процедурата како ќе ја спроведува РМ одредбата од член 22, став 1, каде што високата страна во овој случај РМ треба да преземе некој дејствија, кои јас мислам дека можеби грешам, меѓутоа не ми е познато како ќе го уредиме во нашиот правен систем тоа дејство на исполнување

на член 22, став 1. Можеби би било добро, јас не сум запознат, можеби се должи и на моето непознавање на типични одредби од нашиот правен систем да бидеме запознати како РМ, односно како Владата како извршен орган веројатно во содејство и со други органи во РМ, кои се можеби републички судски совет или други мисли да ја надмине процедурата на овој став 22 на член 1. Ако е можно да го добиеме тоа видување јас би бил благодарен. Ако не е можно јас би апелирал на една од наредните седници Владата да прифати по која точка или адакта од дневниот ред да го информира Собранието како мисли да ја спроведеа оваа Одредба.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Инаку, донесувањето го поддржувам на Законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-дин бара збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Го поддржувам предлогот за донесување на овој закон, ја поддржувам дискусијата на Г-динот Никола Поповски. Јас ќе гласам за него не за тоа што кај нас сега откога ќе ја усвоиме оваа конвенција, односно ќе ја ратификуваме ќе имаме подобри човекови права или човекови слободи. Во слободниот дел на Македонија мислам дека правата на човекот и неговите основни слободи се одамна на сите познати и можеме да бидеме пример не само за Балканот, туку и за цела Европа. Јас ќе гласам од две други причини.

IX/3,-

Најпрво, во оваа конвенција во член 19 се вели дека овие човекови права и основни слободи за односите со нас се формира комисија, да ја читам дословно е големо ЕК за човекови права и Европски суд за човекови права. Значи, во овие би рекол сега Европски институции ќе има претставници од нашава држава. И јас во оваа конвенција најдов еден многу убав бисер. Тоа е во член 24, ќе го читам дословно, каде што се вели:

"Секоја страна договорничка може преку генералниот секретар на Советот на Европа да го изнесе пред Комисијата секој случај на кршење на одредбите од оваа конвенција, за кои смета деваго сторила некоја друга страна договорничка на оваа конвенција".

Г-до пратеници, со влегувањето на двајца македонци во овие средини, сигурно тоа ќе биде за скоро време и нашава држава ќе може гласно да праша како се заштитени човековите права и основни слободи на македонците што живеат во другите делови од зането која Македонија. Во Србија, Бугарија, Албанија, Грција имаме македонци со милионска бројка. Сигурно еден ден овие наши луѓе ќе го постават прашањето за тие нивни слободи што досега малку ги премолчуваме. Од тие причини го поддржувам овој Закон.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Министерот Љубомир Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во членот 22 од Протокол 11 каде што се регулира процедурата за избор на кандидати, за наш кандидат за член на судот процедурата одеше на следниот начин. Министерството за правда го водеше практично, условно да кажам, кандидационата претпроцедура, барајќи

од институциите во кои очекуваше дека такви кандидати ќе има најголем број, а тоа се судството, факултетите да добие поширока листа. Од таа поширока листа Владата разгледуваше и определи хиерархија од три кандидати кои ги брака на одобрување на судот, мислам избор на судот, односно Собранието. Проблемот во тој случај ако се дефинира процедурално е вака поставен. Ако се расправа околу кокрвните кандидати, тогаш тоа е друго прашање. Тогаш веројатно може да се оди преку парламентарно или пратеничко прашање да се расправа за каков избор се одлучила Владата во овој случај .ан кандидатите.

Но, процедурата досега по мое учество во Владата одеше по тој пат. Инаку, точно е дека, влегувајќи во оваа цела мрежа на комисии, расправи за рапорти на секоја држава поднесува рапорти за состојбата по разни конвенции, не само оваа, Македонија доаѓа во нова позиција, позиција за расправа за прашањата кои ги смета за важни, вклучувајќи ги и за положбата за човековите права, малцинските права на сопствената националност односно малцинство во другите земји на Европски план и во однос на некакви стандарди. Тоа е една нова ситуација која подразбира голема подготовка кај нас, следење на целата таа работа или дискусија на едно ново меѓународно ниво.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Му благодарам ан г-динот Мевљан Таири што ми даде да земам збор, со оглед на тоа што тој има дискусија, а се однесува за ова за што г-динот министер образложил на Собранието, јас би побарал прво, деловничка помош од страна на потпретседателот и заменикот секретар во врска со обавувањето на мојата должност како пратеник и по тој повод би предложил, доколку,е тоа вред со Деловникот, а ако не барам правна поука. На тоа не се разбира дека имам право би предложил по пвоод

образложението на г-динот министер за надворешни работи Собранието, би предложил предлог, Собранието да ја задолжи ЗПК како свое работно тело да направи увид во процедурата од аспект од н шето законодавство и процедурата на изготвување на предлогот. Се разбира дека јас не навлегувам во она што беше кажано, туку се согласувам дека нема потреба од наше инволвирање во предлозите како срж на процедурата, меѓутоа би замолил да се формулира, и ако е можно јас го формулирам во таа насока предлогот собранието да усвои заклучок по повод на оваа точка да ја задолжи ЗПК да направи увид и да достави мислење до Собранието за своето мислење по повод веќе објавената процедура во Владата на РМ. Се разбира од мислењето на ЗПК јас би побарал дали тоа мислење би го гледале на Собранието или не. Ако мислите дек е вред од формален аспект овој предлог јас би ве замолил после усвојувањето ма точката на дневен ред или кога тоа е возможно со Деловникот да се стави и овој заклучок на гласање.

**БЈТАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Вие тоа не го врзувате со процедурата за донесување на законот. Дали така ве разбрав?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не го врзувам со процедурата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Предлагате дополнителен заклучок, кој се разбира ќе биде поставен на гласање. Тоа сакав да ве прашам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да предлагам после гласањето на Конвенцијата односно на Законот за ратификација, пред да се премине на наредниот однос,

согласно со тоа да ја задолжиме ЗПК да достави свое мислеше по процедурата која е обавена и да го запознае за тоа Собранието какво мислење има таа за ваква процедура. Не за овој случај, мислам дека од сега натаму по бројни вакви примери на наши односи со инструменти на меѓународните организации, со институции, Собранието ќе дога во позиција да мора да изгради инструментариум како ќе ги гради предлозите кои се движат од овде спрема меѓународните институции, а кои очигледно не се ни во надлежност на Владата, ни во надлежност на Собрание, или пак јас сум во заблуда дека не се во овој момент Меѓутоа, ЗПК мислам дека е мериторен орган кој нас бини посочил дали е тоа вред или не.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас би молел да го формулирате предлогот на заклучокот додека трае расправата.

За збор се јави г-дин Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сигурно дека нема многу што да се додаде на зборовите што ги искажа и самиот министер, а и колегата г-динот Поповски по основ на задоволството што сите ние, најверојатно тука го чувствуваме за усвојување на ратификација на овие две конвенции, но во секој случај би сакал да кажам дек работата не е толку едноставна по однос на исполнување на обврските кои што произлегуваат од овие конвенции а и по однос на Европската конвенција за човекови права, поготово што може би во поголем дел од усогласеноста на законските акти на РМ сигурно дека стојат оценките кои што беа дадени, но по однос на практичното делување на органите на државата, во секој случај имаме доста сознанија и примери на нарушување на тој однос граѓанин - орган на државата.

IX/7.-

Во ова смисла посебно го истакнувам прашањето на обезбедување на фер судење, кое што беше еден од условите кои што беа поставени при приемот на РМ во Советот на Европа, кои што на некој начин бараа и поединецот да биде третиран на соодветен начин, односно веднаш по неговото апсење да биде известен за тоа зошто се апси, да му се овозможи одбрана со бранител да биде изведен во одредено време пред Судот, што е предвидено и со нашите закони. Но, за жал тоа е барем општо познато, не секогаш се случува кај нас и сметам дека во овој дел ќе треба да се направат додатни напори да не се исекорува од тоа што е сега преземена обврска и кон треба страна, а поготово би сакал да обрнам внимание дека ние како РМ ќе имаме доста проблеми, додека не го уредиме прашањето поврзано со член 8 односно почитувањето на приватниот, семејниот живот и домот и преписката. Во овој дел сигурно дека има доста конспирација, посебно во делот на прислушување, другите акти кои што се потребни една држава и една служба да ги врши за обезбедување намирот и сигурноста на граѓаните, но кои што во моментот, барем јас така мислам се оставени на така конспирација во еден државен орган сметам на Министерството за внатрешни работи.

Мислам дека на ова прашање посебно треба да се обрне внимание да не се остави таа конспирација, таа таинственост во тој дел на работењето и да се отвори до крај ова прашање да се уреди со закон и да се тргне таа неусогласеност за која што сметам дека постои во овој дел.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Исмет Рамадани.

IX/8.-

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас немав намера да дискутирам, меѓутоа, некако сум задоволен од тоа што досега е кажано за двете конвенции. И за првата која ја гласавме, па и втората конвенција и мислам дека ние денеска уште еднаш потврдуваме, односно ќе ја потврдиме таа наша европска опција. И со тоа имам не апел, или едно мое мислење така гласно размислување да треба и овие двете конвенции, која веројатно и втората ќе се гласа и прифати од овој Парламент да бидат добро, и многу добро дистрибуирани до сите институции каде што има потреба и да се проучат, и да се запознаат сите институции за да немаме проблеми, односно за да не се даваат и разни декларации односно изјави бер проучување и запознаваше со овие конвенции.

Со тоа,сакам да кажам дури и во тие средни училишта и во тие студентски центри, односно факултети, универзитети и да ги проучат и да се начитаат малку и со овие конвенции, затоа што тоа овозможува односно ни дава за право за едно друго попозитивно размислување и сето тоа да се ефектуира за да не ни излезат како што ни излегуваат деца, ученици и групи на студенти да извикуваат односно да извикуваат разни пароли итн. затоа што мислам дека малку, сосема малку се афирмираат вакви конвенции кои се меѓународни, европски, а кои ние ги прифаќаме и кореспондира со нашата Европска опција. Тогаш многу полесно ние ќе го надминеме себеси да се вклучиме односно интегрираме во сите тие трендови кои ни се европски и декларативно, а и денеска и со конвенции кои ги прифаќаме односно ги гласа- ме како Парламент тоа веќе создава понатаму дури и политичка клима за да можеме да се вклучиме во сите тие трендови.

IX/9.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Молам да се утврди точен број на пратеници во салата.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Гласањето е невалидно.

Молам, да се повикаат пратениците.

Ве молам, погледнете дали има пратеници околу салата.

(Во салата влегоа неколку пратеници).

Еден недостасува за да можеме да имаме валидно гласање.

Ние го заклучивме претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник отиде од салата. Вратете го ако отиде,

Ве молам.

Барате збор процедурално?

Има збор господинот Дане Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што продолжението на заседавањето денес не беше планирано , беше планиран само вчерашниот ден, поголем дел од пратениците стопанственици денес се зафатени с: работа на завршните сметки во своите претпријатија, цело време работиме на работ на кворумот, предлагам седницата овде да ]а прекинеме и да ја продолжиме друг пат, доколку се прифати.

**БЛАЖЕ ФИЛИІПОВСКИ:**

Добро ќе почекаме уште малку, да завршиме барем по овие законски проекти за кои сме во конечна фаза.

Ве молам, во салата имаме 60 пратеници.

Инаку, не треба да потсетувам дека Собранието на Република Македонија е во постојано заседавање.

(Претседателот Тито Петковски се врати во салата и продолжи да раководи со седницата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предложениот закон, молам да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи и на Првиот протокол, Протоколот број 4, Протоколот број 6, Протоколот број 7 и Протоколот број 11 кон Конвенцијата.

Видете, нема смисла ние да работиме за еден пратеник, давам пауза до 16,00 часот. Видовте дека излезе еден пратеник, не можеме да одлучуваме.

(По паузата седницата продолжи во 16,10 часот.)

Молам, за информација колку пратеници се присутни во салата.

(По пребројувањето).

42 пратеници вкупно се присутни во салата. Очигледно дека овој неодговорен однос на дел од пратениците продолжува. Јас само можам да констатирам дека немаме услови да работиме, а дополнително ќе информирам кога седницата ќе продолжи.

(Седницата прекина во 16,15 часот).